# Macedonian - Војници Писмата - Soldiers Scriptures

## Ефесјани 6:10-18

10 Најпосле, јакнете во Господа и во силата на Неговата моќ! 11 Облечете се во сето Божјо оружје, за да можете да им се спротивставите на измамите на ѓаволот. 12 Зашто нашата борба не е против крвта и телото, туку против началствата, против властите, против светските владетели на темнината на овој век: против духовните сили на злото во небесните места. 13 Затоа земете го сето Божјо оружје, за да можете да се браните во лош ден и откако ќе свршите сè, да се одржите! 14 И така, стојте цврсто! Препашани со вистината преку бедрата, облечени во оклопот на правдата, 15 обујте ги нозете со ревноста за Евангелието на мирот! 16 При сè тоа земете го штитот на верата, со кого ќе можете да ги угаснете сите огнени стрели на нечестивиот! 17 Земете го и шлемот на спасението и мечот на Духот - кој е Божјото слово, 18 со секаква просба и молитва, молете се во Духот во секое време, и заради тоа бдејте со сето постојанство и со молба за сите свети

## Псалми 91

1 Ти, Кој живееш под покрив на Сѐвишниот, што се одморуваш во сенката на Сѐдржителот, 2 речи му на Господа: „Прибежиште мое! Тврдино моја! Боже мој, на Кого се надевам!" 3 Зашто Тој ќе те ослободи од примката на ловецот, од гибелниот помор. 4 Ќе те заштити со Своите крила, и ќе се засолниш под Неговите крила. Неговата вистина е штит и закрила! 5 Не ќе се боиш од ноќен страв, ниту од стрелата што лета дење, 6 ни од поморот, што се поткрадува во темнина, ни од гибелта што опустува напладне. 7 И нека паѓаат илјади покрај тебе, десетици илјади до Твојата десница, но до тебе нема да се приближи! 8 Само штом погледнеш со окото, веќе ќе ја видиш платата на грешниците. 9 Зашто Господ е твое засолниште, го избра Сѐвишниот за своја закрила. 10 Нема да те најде несреќата, неволјата нема да се приближи до твојот шатор. 11 Зашто им заповеда на Своите ангели, да те чуваат на сите твои патишта. 12 Ќе те носат на раце, за да не се сопнеш на камен. 13 Со ногата ќе газиш лав и лутица, ќе ги згазиш

лавчето и змијата. 14 Ќе го избавам зашто ме љуби, ќе го закрилам зашто
Го познава Моето име. 15 Ќе Ме повика, а Јас ќе го услишам, со него ќе
бидам во неволја, ќе го спасам и ќе го прославам. 16 Ќе го наситам со
многу денови, ќе му го покажам Моето спасение.

**<u>Псалми 18</u>**

1 На пејачкиот началник. Од Господовиот слуга Давид, кој му ја испеа оваа
песна, кога Господ го избави од рацете на сите негови непријатели и од
рацете на Саула. Тој рече: Те љубам, Господи, тврдино моја! 2 Господи,
карпо моја, крепост моја, спасение мое; Боже мој, карпо моја, во Кого
барам прибежиште, штит мој, рог на моето спасение, тврдино моја! 3 Ќе Го
повикам Господа, Кој е предостоен за фалба и ќе бидам избавен од
непријателите. 4 Брановите на смртта ме опкружија, и порои од лоши луѓе
ме исплашија. 5 Јажињата на Подземјето ме изврзаа, смртоносните примки
ме стегнаа: 6 Во својата неволја Го повикав Господа, и извикав кон својот
Бог. Тој го чу мојот повик, од Својот храм, и моето викање стигна до
Неговите уши. 7 Тогаш земјата се стресе и се растрепери, се разнишаа
основите на планините, се раздвижија, зашто Тој се разгневи. 8 Од
Неговите ноздри се крена дим, а од Неговата уста оган, што голта; јаглења
се распалија од Него. 9 Тој ги наведна небесата и слезе, и мрак беше под
Неговите нозе. 10 Седна врз херув и летна; леташе врз крилјата на ветерот.
11 Ја направи темнината Свое тајно засолниште, се покри со темните води
и со густите облаци. 12 Од светкање пред Него, низ Неговите облаци удрија
град и огнени јаглења. 13 Господ загрме од небото, Сѐвишниот го даде
Својот глас: град и огнени јаглења. 14 Ги прати своите стрели и ги
распрсна, и ги расфрли секавиците; 15 тогаш се покажаа морските дна,
основите на вселената се открија, од Твојата закана, Господи, од дувањето
на здивот на Твојот гнев. 16 Ја испружи Својата рака од небото и ме
подзеде, ме извлече од големи води. 17 Ме избави од силниот непријател,
од оние што ме мразеа, зашто беа посилни од мене. 18 Станаа против
мене во денот на мојата неволја, но Господ ми стана поткрепа. 19 Ме
изведе на широко место, ме избави зашто му бев мил. 20 Господ ми даде
според мојата праведност; ме награди според чистотата на моите раце; 21
зашто ги запазив Господовите патишта и не се оддалечив од својот Бог. 22
Сите Негови закони се пред мене, не ги отфрлив Неговите заповеди, 23 бев
непорочен пред Него и се чував од своето беззаконие. 24 Затоа Господ ми
врати според мојата правда, според чистотата на моите раце пред

Неговите очи. 25 Со милостивиот, Ти си милостив, на чесниот со чесност му враќаш; 26 со чистиот Ти си чист, а со развратниот Ти си спротивен од него; 27 зашто Ти ги спасуваш нажалените луѓе, а ги понизуваш гордите очи. 28 Ти ја запалуваш мојата светлина, Господи мој Боже, Ти ја осветлуваш мојата темнина: 29 Зашто преку Тебе го разбивам полкот, со мојот Бог прескокнувам преку ѕид. 30 Божјиот пат е совршен; Божјото слово е испитано. Тој е штит на сите, кои се надеваат на Него. 31 Зашто кој е Бог освен Господ? кој е Карпа освен нашиот Бог? 32 Бог, кој ме препашува со сила и го прави совршен мојот пат; 33 ми даде брзи нозе како на елените и ме постави на моите височини, 34 ми ги учи рацете за бој, така што моите мишки оптегнуваат бронзен лак. 35 Ти ми го даваш штитот на Своето спасение, Твојата десница ме поддржува, а Твојата благост ме возвеличува. 36 Ти го шириш мојот чекор, под мене, така што моите нозе не се сопнуваат. 37 Ги гонев своите непријатели и ги стигнав и не се вратив додека не ги истребив. 38 Ги поразувам и не можат да се кренат, паднаа под моите нозе. 39 Зашто Ти ме препаша со сила за бој; ги отстрани пред мене, оние што стануваат против мене. 40 Ти направи моите непријатели да ми го вртат грбот, за да ги истребам оние што ме мразат. 41 Тие викаат, но нема избавител, кон Господа, но Тој не ги слуша. 42 Тогаш ги ситнев како прав пред ветерот, ги газев како кал по улиците. 43 Ти ме избави од народната буна, ме постави главатар на народите; ми служи народ што не го познавав. 44 Штом чуја за мене, тие ме послушаа, ми се покоруваат туѓинци. 45 Туѓинците ослабеа, треперејќи излегуваат од своите тврдини. 46 Жив е Господ! Благословена да е мојата Карпа! Нека се возвиси Бог на моето спасение! 47 Бог, Кој одмаздува за мене, и ми ги покорува народите. 48 Кој ме избавува од моите непријатели! Ме издига над оние што стануваат против мене, ме спасува од насилниците. 49 Затоа ќе Те славам, Господи, среде народите и ќе му пеам на Твоето име: 50 Славно го избавуваш Твојот цар и му искажуваш милост на Твојот помазаник, на Давида и на неговото потомство довека.

Pastor T. John Franklin
Church of Salvation, Healing, and Deliverance
COS-HAD.org